ИНСТИТУТ ЗА
КОМУНИКАЦИСКИ
СТУДИИ



# ИЗВЕШТАЈ

## ОД МОНИТОРИНГОТ НА ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ВЕСТИ

ПЕРИОД 16 - 27 ЈАНУАРИ 2017

# РЕЗИМЕ

- Резултатите во овој извештај се добиени од анализата на телевизиските вести[1] емитувани во периодот од 16 до 20 и од 23 до 27 јануари 2017 година, или вкупно 10 дена. Целта на анализата беше да утврди како телевизиите на национално ниво известуваат за демократските процеси во земјата и дали ги претставуваат избалансирано различните политики гледишта. Анализирани се вестите на 12 телевиии: МТВ1, МТВ2, Сител, Телма, 24 Вести, Канал 5, Алфа, Алсат М (на македонски и на албански јазик), ТВ 21 (на македонски и на албански јазик) и ТВ Нова.

- Анализата се однесува на вести што се емитуваа во период на голема политичка неизвесност околу формирањето влада по одржаните парламентарни избори на 11 декември 2016, конституирањето на Собранието на 30 декември 2016 и доделувањето на мандатот за состав на нова влада на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски на 9 јануари 2017. Вкупно глдано, оваа тема беше доминантна во 10-те набљудувани дена, но поединечно телевизиите се разликуваа. Во вестите на МТВ 2, Алсат М и на Телма се емитуваа најмногу прилози на оваа тема, додека на телевизиите 24 Вести и ТВ 21, следењето на работата на јавните институции беше приближно еднакво застапено со неа. На МТВ 1 најмногу се известуваше за редовните активности на јавните функционери. Во вестите на Канал 5, Алфа и Сител темата за формирање нова влада беше еднакво или помалку застапена со промоцијата на проектите и мерките на се' уште актуелната влада и на другите институции, како општините. Без оглед на тоа што во мониторираниот период не беше избрана нова влада, а старата имаше мандат само технички да ја извршува функцијата, и без оглед на тоа што пред истекување е и мандатот на локалната самоуправа, овие три телевизии објавија вкупно 90 прилози за проекти и за мерки, претставувајќи ги како нешто што сигурно ќе се спроведе. Со тоа се сугерираше дека функционерите што ги најавуваат, а кои главно доаѓаа од партијата ВМРО-ДПМНЕ, сигурно ќе останат на своите функции, што објективно не можеше да се гарантира во овој период. Со оглед на реалните политички околности, најавите од овие функционери можеа да имаат карактер само на партиски ветувања. Според тоа, кај овие телевизии имаше забележителен квантитативен и квалитативен дисбаланс во застапеноста на политичките субјекти, во прилог на ВМРО-ДПМНЕ, а за сметка на СДСМ.

- Македонската радио телевизија информира за сите актуелно-политички настани, без да навлегува во анализи, и без заземање ниту афирмативен, ниту негативен, ниту пак критички новинарски став. За активностите на главните политички субјекти Јавниот сервис известува избалансирано, со 33 прилози за СДСМ и 25 за ВМРО-ДПМНЕ. Ако на ова се додадат и известувањата за функционерите од ВМРО-ДПМНЕ (36), произлегува дека оваа партија била значително позастапена. Но најголемиот број носители на јавни функ-

1 За методологијата на спроведување на мониторингот повеќе детали можат да се најдат на: http://respublica.edu.mk/metodologija-b

ции доаѓаат од нејзините редови и беа претставени главно во таа улога. Беа забележани неколку ретки примери на фаворизирање на партијата ВМРО-ДПМНЕ, за кои од прилозите не можеше да се заклучи дали станува збор за пропуст или за намерно афирмативно известување.

Вториот програмски сервис – МТВ 2, информира за сите позначајни политички настани во земјата, иако се забележува блага наклонетост кон темите кои се од интерес за албанската етничка заедница (постизборната платформа што ја потпишаа партиите на Албанците, како и нивната улога во процесот на формирање влада).

- Значајна разлика може да се забележи во опсервирањето на непартиските субјекти што имаат влијание врз политичкиот живот и врз демократските процеси. Најприсутен таков субјект во вестите на овие телевизии беше Специјалното јавно обвинителство. Неговата работа и реакциите на неа беа коректно проследени од телевизиите Телма, 24 Вести, Алсат М, ТВ 21 и МТВ 1 и 2, додека на телевизиите Канал 5, Алфа, Сител и ТВ Нова ова обвинителство беше проследувано низ призмата на партијата ВМРО-ДПМНЕ, која го смета за свој политички противник.

Други најзастапени непартиски субјекти на телевизиите Телма, 24 Вести, Алсат М, ТВ 21 и МТВ 1 и 2 беа државните и локални институции, чија работа често критички се опсервираше дали успеваат или потфрлаат да си ги исполнат своите обврски кон граѓаните, (во актуелниот период доминираа темите за проблемот со загадувањето на воздухот, справувањето со снегот, извештаите за корупција и други), без да им се дава партиски белег.

На телевизиите Алфа, Сител, Канал 5 и ТВ Нова, пак, невладините организации и фондации беа меѓу најзастапените непартиски субекти, во рамките на покривањето на т.н. процес на десоросоизација што го најави ВМРО-ДПМНЕ, а кој опфаќа борба против граѓанските здруженија што се критички кон власта или кон состојбите во државата, а имаат странска или меѓународна финансиска поддршка. Тие многу малку известуваат за работата на државните институции отварајќи ги критички темите што ги засегнуваат граѓаните. Напротив, кај нив се многу присутни прилозите во кои позитивно се известува за работата на институциите односно за достигнувањата на функционерите на владејачката партија.

- Генерално, може да се заклучи дека медиумската слика за политичкиот плурализам во Македонија останува иста како и пред предвремените парламентарни избори. Карактеристично е што откако заврши предизборниот период од 100 дена, во кој имаше посебни правила за медиумите, вклучувајќи и мониторинг од ад-хок телото за медиуми произлезено од меѓупартискиот договор во Пржино, најголемиот број телевизии се вратија на својата стандардна уредувачка политика. Тоа подразбира дека телевизиите 24 Вести, Телма, Алсат М и ТВ 21 продолжија да ги следат политичките случувања од неутрална позиција и критички да ги опсервираат, со посебен акцент на работата на јавните институции, додека кај телевизиите Сител, Алфа, ТВ Нова и Канал 5 повторно доминираат ставовите на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и известувањата за проектите и за достигнувањата на нејзините функционери. Исклучок е Македонската телевизија каде што и покрај престанокот на мандатот на уредникот назначен од опозицијата (уште една одредба од договорот од Пржино), во најголем дел продолжи непристрасното известување за главните политички и општествени случувања.

# ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ



## 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во десетдневниот период во медиумите што беа предмет на анализа беа објавени вкупно 1.319 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи, при што според бројот на прилози беа најзастапени следниве теми: постизборни преговори за формирање влада (360 прилози), редовната работа на државните и на јавните институции (224 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (179), промоција на проекти и мерки на Владата и на другите институции (129), активности на јавните функционери, вклучувајќи протоколарни активности и решавање тековни прашања (108), т.н. процес на десоросоизација (89), покривање на обраќањата на политичките партии во врска со различни случувања во општеството како чистењето на снегот, епидемијата на грип или загадувањето (71) и др.




**Број на прилози на МТВ1 според теми (30 ноември –9декември)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (оценките на ПССЕ како поминале изборите). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии. |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата и на другите институции (промоции или најави од министрите, претставниците на локалните самоуправи и од други функционери). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција учествуваат политички партии и лидери (најчесто Груевски) |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владини претставници од СДСМ |
| Тема 6 | Други активности на јавните функционери (протоколарни активности, решавање тековни прашања итн). |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО). |
| Тема 8 | Справување со последиците од поплавите во август (обесштетувањето на поплавените домаќинства) |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (невработеност, бизнис форуми, странски инвестиции, конкурентност, статистика) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Редовна работа на државните институции, судовите, локалната самоуправа (прилози во кои медиумите не известуваат за поитичките партии, туку за различни проблеми и прашања од јавен интерес) |
| Тема 16 | Други теми |
| Тема 17 | Посетата на еврокомесарот Јоханес Хан |
| Тема 18 | Случувања во образованието (неподготвени училишта за второто полугодие, раскинатиот договор со Турција за признавање на дипломите) |
| Тема 19 | Постизборни преговори за формирање влада |
| Тема 20 | „Десоросоизација“ и работата на невладините организации |
| Тема 21 | Обраќања на политичките партии во врска со различни случувања во општеството (чистење на снегот, епидемија на грип, загадување итн). |

1. Главен заклучок од анализата на темите за кои се известуваше во мониторираниот период е дека темата што беше од највисок јавен интерес во тој момент,*обидите да се формира нова влада по парламентарните избори,* беше доминантна според вкупниот број прилози објавени за неа на сите телевизии - 360. Политичките околности беа специфични затоа што изборите што се одржаа по двегодишната политичка криза не резултираа со јасен победник, но сепак претседателот Ѓорге Иванов му го имаше доделено мандатот за формирање влада на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, иако него му недостасуваа уште десет пратеници за да состави парламентарно мнозинство што ќе поддржи владин кабинет. Мониторингот се вршеше во средината и при крајот на рокот што ВМРО-ДПМНЕ го имаше според Уставот за да состави влада, процес што го следеше голема неизвесност. Телевизиите секојдневно известуваа за најновите случувања, изјавите на политичките претставници за тоа дали очекуваат да успее процесот и да се состави влада, пораките од меѓународната заедница, меѓупартиските средби, а пред крајот и партиските состаноци на ДУИ на кои се решаваше дали ќе се состави нова владина коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. Оваа тема беше најзастапена или една од најзастапените на сите телевизии. Најмногу прилози објавија ТВ 21 (47) и Алсат М (45), а најмалку МТВ 1 (13). На телевизиите Алфа и Сител прилозите за промоција на проектите и мерките на Владата и на другите институции беа значително побројни, а на Канал 5 подеднакво бројни со прилозите за преговорите за влада.

   Во однос на содржинските разлики, телевизиите Телма и 24 Вести редовно и непристрасно ги следеа сите случувања, а 24 даде посебен осврт на инспекциските контроли што се случуваа во општината Гостивар откако гостиварскиот градоначалник Невзат Бејта се изјасни против коалиција на неговата партија ДУИ со Груевски. Овој аспект го покриваа и Алсат М и ТВ 21. Алсат М емитуваше и аналитички прилози оспорувајќи ги аргументите дека ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ се обврзани да направат влада како победници од т.н. македонски и албански блок. ТВ 21, како и МТВ 2, посебно ја нагласуваа т.н. албанска платформа како услов да сесостави влада, како и писмото од група интелектуалци Албанци со кое се бараше од ДУИ да не прифати коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. Сител, Канал 5, Алфа и ТВ Нова го нападнаа тоа писмо, ја обвинуваа СДСМ дека е подготвена да ја прифати албанската платформа само за да ја преземе власта (платформата предвидува целосна двојазичност, промена на државните симболи и други барања), ги потенцираа ставовите на ВМРО-ДПМНЕ дека нема да направи влада по секоја цена, но ги пренесуваа и оптимистичките очекувања од оваа партија дека сигурно ќе се состави владина коалиција предводена од нив. МТВ 1 ги пренесуваше само основните информации за меѓупартиските и внатрепартиските состаноци, како и пораките од домашните и од меѓународните претставници.

2. Следењето на *работата на државните и на јавните институции,*со 224 емитувани прилози, беше втората тема според вкупната застапеност. Таа повторно беше најзастапена или една од најзастапените теми на телевизиите ТВ 21 (43 прилози), Алсат М (27), 24 Вести (26) и Телма (17). Притоа најмногу се известуваше за проблемите со загадувањето, неуспесите во справувањето со снегот, работата на судските органи, извештаите за степенот на корупција во Македонија, а кај Алсат М и кај ТВ 21 и за случаи на можна етничка дискриминација на вработени Албанци во јавните установи. Во следењето на овие теми во центарот на вниманието беа проблемите и потребите на граѓаните и исполнувањето на јавниот интерес, поради што критичкото опсервирање на работата на државните органи беше често застапено и тоа во 28 информации на 24 Вести и во 26 на Алсат М (24 Вести, 18 јануари, во врска со најавените мерки против загадувањето:„Граѓаните велат не го гледаат бенефитот ниту од краткорочните, а не очекуваат многу ни од долгорочните мерки, бидејќи секоја од нив е или многу скапа, или ветување во најава").Телевизиите Алфа и ТВ Нова објавија по само 3 прилози во врска со работата на јавните институции, Сител 6, МТВ на првиот програмски сервис 9, а на вториот 11, а Канал 5 17, но главно стануваше зборза некритичко пренесување на информациите.

3. Повеќе настани поврзани со *работата на Специјалното јавно обвинителство* беа актуелни во известувачкиот период, како судското рочиште за случајот „Тврдина" (во врска со уништување опрема за прислушување), откажувањето од предметот „Пуч" (во кој лидерот на СДСМ Зоран Заев беше еден од обвинетите), и новите истраги „Тарифа" (во врска со набавка на софтвер во државната компанија ЕЛЕМ) и „Тенк" (во врска со купувањето ново возило „Мерцедес" за Владата). Поради тоа оваа тема беше трета според застапеноста, со 179 прилози. Во врска со оваа тема повторно беше забележано т.н. блоковско известување. Телевизиите Алсат М, Телма,

24 Вести и ТВ 21 редовно известуваа за сите активности на обвинителството и ги пренесуваа партиските реакции од ВМРО-ДПМНЕ. Дополнително 24 Вести и Телма го отворија прашањето дали партијата политички се пресметува со обвинителството, додека Алсат М и ТВ 21 ги анализираа пречките со кои СЈО се соочува за да ја извршува својата работа. Во известувањето за СЈО на телевизиите Сител, Алфа, Канал 5 и ТВ Нова доминираше пренесувањето на ставовите на ВМРО-ДПМНЕ во врска со откажувањето од предметот „Пуч", а Алфа и Сител објавуваа и свои аналитички прилози со тврдења дека опозицискиот лидер Зоран Заев е виновен во случајот и не смеел да биде ослободен на тој начин.

4. За време на известувачкиот период Република Македонија се уште немаше влада чиј што легитимитет произлегува од резултатите на предвремените парламентарни избори од 11 декември 2016 година. Функциите во централната власт ги извршуваше претходниот владин состав од ВМРО-ДПМНЕ и од ДУИ, а резултатите од изборите не гарантираа дека оваа коалиција ќе остане. Освен што централната власт имаше ограничен легитимитет, и мандатот на локалната власт, според Законот за локална самоуправа, завршува во март, што значи дека претставниците на ниту една од овие власти не беше во позиција да најавува нови или долгорочни мерки и проекти, освен како партиски ветувања. Но тоа воопшто не ги спречи дел телевизии да објавуваат голем број прилози за *промоција на проектите и мерките на Владата и на другите институции*, со што оваа тема стана четврта според бројот на објавени прилози - 129. Најмногу прилози за оваа тема објавија телевизиите Алфа (35), Сител (31) и Канал 5 (24). Притоа тие избегнуваа да споменат дека мандатот на политичките претставници е ограничен и ги претставуваа најавите како дадени во име на државата и како нешто што со сигурност ќе се исполни. Токму прашањето за мандатот беше еден од главните аспекти во критичкото известување на телевизијата 24 Вести во врска со владините проекти и мерки, најмногу во врска со проектот за изградба на нов клинички центар во дворот на сегашниот.

5. Посебно се истакнуваше една од карактеристичните нови теми во мониторираниот период, а тоа е известувањето за т.н. *процес на десоросоизација*, за што се објавија 89 прилози. Станува збор за процес што лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски го најави читајќи партиски проглас на партиски собир пред канцеларијата на Државната изборна комисија на 17 декември 2016 година и го образложуваше во подоцнежни интервјуа. Процесот во јавноста се перцепира како справување (во најширока и не докрај јасна смисла) со граѓанските организации и со медиумите што се критички поставени кон владеењето на оваа партија, а кои се финансиски помогнати од Фондацијата отворено општество на американскиот бизнисмен Џорџ Сорос или од други странски и меѓународни извори.

   Сител и Алфа беа телевизиите што објавија најголем број прилози на оваа тема (по 20) заедно со Канал 5 (16) и ТВ Нова (10). Нивните известувања беа со фаворизирачки тон за активностите на новоформираното здружение „Стоп операција Сорос" (Сител, 27 јануари „Стоп операција Сорос: Невладините ги злоупотребувале парите на УСАИД"), како и позициите на претставници на ВМРО-ДПМНЕ во врска со оваа тема (Канал 5, 17 јануари: „Десоросоизацијата е враќање на демократијата на граѓаните, напиша на својот фејсбук-профил пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ Илија Димовски"). Другите телевизии објавија мал број прилози на темата. Дел само пренесоа дека било формирано здружение, а дел го критикуваа овој процес (24 Вести, 27 јануари: „Десоросоизација: дефокус или пресметка со предавници").

6. Втората нова тема беше *покривањето на обраќањата на политичките партии во врска со различни случувања во општеството*, како чистењето на снегот, справувањето со грипот, годишната програма за култура и други теми. Најчесто станувaше збор за едноставно пренесување на делови од говорите на политичарите, без никаква интервенција, со или без емитување на втората страна. Вкупно се објавија 71 прилог на оваа тема. Притоа сите телевизии објавија по мал број прилози, освен Канал 5, каде што беа објавени 21 прилог, претежно за забелешките што советничката група на ВМРО-ДПМНЕ во општината Центар ги изнесе за работата на градоначалникот Андреј Жерновски.

7. Уште една тема карактеристична тема беше информирањето за *економските состојби*, со вкупно 46 објавени прилози. Притоа телевизиите 24 Вести, Алсат М, Телма и ТВ 21 известија за истражувањето на Балканската мрежа за истражувачко новинарство (БИРН) во врска со потфрлањето на бројот на странски инвестиции во однос на тоа колку биле најавени, а колку се исполниле. На овие телевизии беше критикувано и однесувањето на одговорните функционери како министерот за финансии Кирил Миновски и директорот на ТИРЗ Виктор Мизо, кои одбија да го коментираат истражувањето. На телевизиите Канал 5, Алфа, Сител и МТВ 1 во врска со економските состојби се објавија прилози дека се зголемил бројот на компании во групата големи даночни обврзници.

# 2. ПРИОД ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО

Во десетдневниот известувачки период, изнесувањето коментари и оценки со кои се фаворизира или се напаѓа одредено политичко гледиште повторно добиваше на интензитет во споредба со стодневниот период пред изборите, во кој медиумите беа ставени под мониторинг на ад-хок телото за медиуми. Сепак, оваа форма на известување се уште ја нема вратено жестината карактеристична за првата половина од 2016 година. Причина за тоа беше што и натаму во најголем дел изостанува цитирањето на интернет-порталите како главен извор на навредливи, нападачки, клеветнички и демонизирачки содржини, иако беа забележани неколку такви случаи.

## *2.1. Приод во известувањето за активностите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ*

Поделеноста на „блоковско“ известување меѓу провладините и неутрално-критичките телевизии беше особено видлива при известувањето за *постизборнотопреговарање за формирање нова влада* (Тема 19) иза *проектите и мерките промовирани од претставниците на Владата и на локалните институции* (Тема 3). Кај телевизиите, како Сител, Канал 5, ТВ Нова и Алфа забележителен е дисбаланс во однос на бројот прилози во кои како субјект се појавуваат двете најголеми политички партии. Вестите на овие четири телевизии повторно наликуваат на гласила чија главна цел е промовирање на позициите и на активностите на партијата ВМРО-ДПМНЕ во врска со различни прашања. Тоа може да се заклучи од тоа што во најголем број прилози како субјект се појавува ВМРО-ДПМНЕ (вкупно 421 прилог за ВМРО ДПМНЕ и 266 прилози за СДСМ). Во голем број од овие прилози е видлив фаворизирачкиот став кон политиката на ВМРО-ДПМНЕ, додека негативен став се зазема во однос на политиката на опозицијата.

МТВ1 и МТВ2 известуваа избалансирано за двете најголеми политички партии, без заземање ниту фаворизирачки, ниту негативен, ниту пак критички новинарски став.Ноако се додаде и бројот на објавени информации за активностите на функционерите од овие партии, и кај двата програмски сервиси ВМРО-ДПМНЕ е значително позастапена (63 информации за ВМРО-ДПМНЕ наспроти 35




**Приод во известувањето за партијата ВМРО-ДПМНЕ, функционерите од нејзините редови и за коалициските партнери (16 - 20 и 23- 27 јануари)**

за СДСМ на МТВ 1, и 84 за владејачката партија наспроти 50 за опозицијата на МТВ 2). Двата програмслки сервиси на Македонската телевизија ги следат редовните активности на функционерите и ги пренесуваат најновите информации во врска со преговорите за формирање влада.

Известувањето за владејачката партија наспроти опозицијата доминираше и на телевизиите 24 Вести (132 информации за ВМРО-ДПМНЕ наспроти 51 за СДСМ), Телма (85 за ВМРО-ДПМНЕ и 40 за СДСМ), Алсат М (87 за ВМРО-ДПМНЕ и 39 за СДСМ во вестите на македонски јазик) и ТВ 21 (89 за ВМРО-ДПМНЕ и 44 за СДСМ во вестите на албански јазик). Кон ова придонесе тоа што партијата на Никола Груевски беше многу повеќе во јавниот фокус како политичка страна што го има мандатот за составување нова влада, а освен тоа нејзините функционери во Владата и натаму беа активни, а нивната работа беше предмет на критичка опсервација.

Според тоа, главната разлика меѓу двата медиумски „блока“ кога станува збор за известувањето за двата најголеми конкурентски политички блокови, не се состои во квантитативниот соодност меѓу информациите објавени во врска со ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Иако ВМРО-ДПМНЕ беше најмногу присутен политички субјект и кај критичките и кај провладините медиуми, пристапот во известувањето за оваа партија беше сосема различен. Кај телевизиите 24 Вести, Алсат М, Телма и ТВ 21 критички се опсервираа вкупно 127 информации во врска со политиките на оваа партија (Алсат М, 20 јануари: „Ниту една државна институција досега не го осуди, ниту пак поведе постапка за говорот на омраза што на крајот на минатата година можеше да се слушне на протестите пред ДИК од членовите и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ“; 24 Вести, 24 јануари: „Опозициските бомби покажаа шокантни размислувања на високите функционери на ВМРО-ДПМНЕ за албанската етничка заедница“).

Од друга страна, кај телевизиите Алфа, Сител, Канал 5 и ТВ Нова известувањето во голем број случаи беше пропагандно и фаворизирачко. Поточно се објавија вкупно 167 информации од таков карактер (Алфа, 24 јануари: „Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ во изминатите 10 години инвестираше над 1 милијарда евра во земјоделството. Овие пари го помогнаа, модернизираа и подигнаа квалитетот на секторот, велат од партијата; Сител, 25 јануари: „ВМРО-ДПМНЕ во изминативе десет години сериозно инвестираше во железницата, велат од владејачката партија“). Што се однесува до пристапот кон СДСМ, тој беше главно информативен кај телевизиите Алсат М, 24 Вести, Телма и ТВ 21, а од друга страна негативен кај ТВ Нова, Сител, Канал 5 и Алфа, кои објавија 132 информации со напаѓачка содржина за опозицијата (Сител, 19 јануари: „Платформата на албанските партии е целосно прифатлива за СДСМ, вели аналитичарот Сашо Ордановски кој важи за близок до раководството на Бихаќка“; ТВ Нова, 25 јануари: „Дневник: членството на СДСМ се плаши дека Заев е подготвен да ја прифати албанската платформа“).




**Приод во известувањето за партијатаСДСМ, функционерите од нејзините редови и за коалициските партнери (16 - 20 и 23- 27 јануари)**

## *2.1. Приод во известувањето за непартиските субјекти (СЈО, невладини организации, институции)*

Приодот во известувањето за т.н. непартиски субјекти, кои имаат директно или индиректно влијание врз политичките процеси, е исто така еден од клучните елементи во определувањето на уредувачката политика на различните телевизии, како и во утврдувањето на нивната „блоковска“ поделба. Во оваа смисла, најважни субјекти што не се дел од политичките партии се Специјалното јавно обвинителство, граѓанските организации и фондации, како и државните и локалните институции.

Односот кон *Специјалното јавно обвинителство* во медиумите остана непроменет во однос на периодот пред одржувањето на изборите. Оваа институција најчесто се споменуваше во прилозите поврзани со нејзината работа, но и во прилозите поврзани со обидите да се формира влада, како една од точките за кои партиите ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ не можат да се усогласат. Сите телевизии објавија голем број информации во врска со СЈО и тие најчесто не содржеа вредносна димензија во однос на самото обвинителство. Напротив, дел телевизии ги критикуваа другите државни и судски органи за опструкциите врз работата на СЈО (Алсат М, ТВ 21), а дел критички известуваа за напаѓачкиот однос на партијата ВМРО-ДПМНЕ кон него. Нагласувањето и промовирањето токму на овој напаѓачки однос, пак, беше главна карактеристика во известувањето на ТВ Нова, Сител, Канал 5 и на Алфа, кои емитуваа вкупно 72 информации со демонизирачка содржина за СЈО (Алфа, 18 јануари: „Нов скандал од СЈО. Повлечено обвинението за „Пуч“. Каде е правдата за која зборуваат специјалните обвинители. Далие е таа истата со која денеска Катица Јанева го спаси Заев. Социјалните мрежи со гнев кон СЈО“; Сител, 18 јануари: „Жестоки и бурни реакции во јавноста за одлуката на СЈО да го помилува Заев: Вие сте срам за правдата“). МТВ на прviот програмски сервис објави значително помалку информации во врска со ова обвинителство (16), споредено со другите медиуми, и известувањето за него се сведуваше на едноставно пренесување информации без новинарски ангажман.




**Приод во известувањето за СЈО (16 - 20 и 23- 27 јануари)**

Телевизиите 24 Вести и Алсат М, исполнувајќи ја својата функција на заштита на јавниот интерес, известуваа во голема мера за работата на *државните и на локалните институции,* следејќи ги низ критичка призма, во однос на тоа дали и како тие ги исполнуваат своите обврски кон граѓаните. Овие две телевизии објавија вкупно 66 прилози со критичка содржина за јавните институции (сметано и во вестите на македонски и на албански јазик кај Алсат М). Во рамките на известувањето за работата на институциите се опфаќаа теми како проблемите со снабдувањето со струја, загадувањето на воздухот, променливиот успех во справувањето со снежните наноси, проблемите со пензискиот систем, извештаите за корупцијата во земјава и за многу други теми (24 Вести, 27 јануари: „Свесна измама или лошо имеплементирана реформа во пензискиот систем поради која стотици осигурениците завршија со драстично помала пензија од заработената"; Алсат М, 25 јануари: „Токму владата и АЕК спротивно на препораките за можен монопол дозволија пред една година спојување на два од тогаш трите мобилни оператори"). Притоа телевизиите ги повикуваа на одговорност различните надлежни институции без да им припишуваат партиски етикети, со што праваа јасна дистинкција меѓу државата и политичките партии.

Другите телевизии објавуваа значително помал број информации во врска со работата на државните и на локалните институции, и тоа претежно некритичко известување за нивните активности, дури и со повремени фаворизирачки прилози (Сител, 23 јануари: „За поддршка и збогатување на културната понуда во нашата земја, министерството за култура годинава ќе издвои близу 900.000.000 денари")




**Приод во известувањето за државните и за локалните институции (16 - 20 и 23- 27 јануари)**

*Граѓанските организации и фондации* го привлекуваа вниманието на телевизиите и во предизборниот период и претходно, додека се уште се бараше разврска на политичката криза. Нивните сознанија, анализи и мислења беа пренесувани во медиумите, а во изминатите анализи беа регистрирани и случаи кога невладини организации станувале цел на медиумски напади ако нивните ставови се во спротивност со позициите на владејачката партија (пр. Граѓанската асоцијација Мост во првата половина од 2016 година).

Во овој мониториран период сето тоа доби систематизиран пристап благодарение на т.н. процес на десоросоизација, што го најави ВМРО-ДПМНЕ. Во рамките на известувањето за овој процес, демонизирањето на граѓанскиот сектор зачести и доби повеќе острина на телевизиите ТВ Нова, Алфа, Канал 5 и Сител, кои заедно објаија вкупно 101 нападачка информација за невладините организации (Канал 5, 17 јануари: „Народот беше сведок на грубо уривање на институциите. Да се истражи работењето на Сорос фондацијата"; Алфа, 17 јануари, за формирањето на здружението „Стоп операција Сорос: „Упатија повик до сите граѓани со јасно изразени демократски вредности, да им се приклучат како што велат во борбата против еднoумието во граѓанскиот сектор осмислено и предводено од Џорџ Сорос"). Во демонизирачкото известување за невладиниот сектор посебно се истакнуваше телевизијата Сител, која за граѓанските активисти ги користеше

термините „сorосоиди" или „соросови платеници" (24 јануари „Падна Викторија Нуланд, падна Џорџ Сорос во немилост на новата американска власт, паднаа соросоидите, но тие се уште се активни, се обидуваат да наметнат коалиција за власт меѓу СДСМ и ДУИ").

Неутрално-критичките телевизии, освен што објавуваа мал број прилози во врска со т.н. десоросоизација, почесто го критикуваа и го проблематизираа тој процес (24 Вести, 18 јануари: „На прогласот следеа инспекции од УЈП во дваесетина невладини организации").




**Приод во известувањето за граѓанските организации и фондации (16 - 20 и 23- 27 јануари)**



# АНАЛИЗА НА ПОЕДИНЕЧНИ ТЕЛЕВИЗИИ

# МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
# ПРВ СЕРВИС

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Македонската телевизија на својот прв програмски сервис во известувачкиот период објави 84 прилози во врска со демократските реформи и со политичкиот живот во земјава. Најзастапени беа известувањата за редовните активности на јавните функционери (20 прилози), преговорите за состав на новата влада (13 прилози), јавните настапи на претставниците на политичките партии за различни општествени прашања (12 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (11 прилози) и други теми.




**Број на прилози според теми на МТВ 1 (16-20 и 23-27 јануари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на предвремените парламентарни избори |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Од редовните активности на јавните функционери беа проследени посетата на претседателот Ѓорге Иванов на Египет, активностите на градоначалниците во расчистувањето на снегот, следењето на состојбата со грипот од министерот за здравство Никола Тодоров, обраќањето на министерката за култура Елизабета Канческа Милевска на комеморацијата за починатиот диригент Саша Николовски Ѓумар, присуството на министерот за надворешни работи Никола Попоски на комеморација за холокаустот итн. Во врска со преговорите за формирање влада, се известуваше за средбите и состаноците на партиите и за пораките од политичките актери и од претставници на меѓународната заедница. Во повеќето прилози за активностите на политичките партии се пренесуваа изјавите на СДСМ дека несоодветно се одржуваат патиштата, за пропусти во справувањето со грипот, за годишната програма за култура и за други теми, како и реакциите на засегнатите институции и на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Редовно се пренесуваа сите информации за работата на СЈО, односно за рочиштето за предметот „Тврдина“, откажувањето од случајот „Пуч“, двете нови истраги насловени „Тарифа“ и „Тенк“, како и дел реакции на ВМРО-ДПМНЕ во врска со овие случаи. Во врска со десоросоизацијата, МТВ 1 објави мал број прилози, известии дека е формирано здружение „Стоп операција Сорос“, извести за едно негово обраќање, и пренесе извештај од Вашингтон според кој протестите против новиот претседател на САД Доналд Трамп ги организирал милијардерот Џорџ Сорос, но не го поврза директно со домашниот политички контекст

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најзастапен политички субјект во централните информативни изданија на МТВ 1 во мониторираниот период беше ВМРО-ДПМНЕ. Партијата и нејзините функционери беа присутни во 61 информација, а уште во две се појавуваат нивни коалициски партнери. СДСМ се сретнува во 33 информации, а нејзината коалиција уште во две, ДУИ во 17, а за другите партии помалку се известува. Од непартиските субјекти, СЈО е присутно во 16 информации, државните и локалните институции во 15, а невладините организации во 8. Од содржинска гледна точка, ставовите на ниту една политичка партија не доминираат над другите.

Основна карактеристика на вестите во централното информативно издание на првиот програмски сервис на Македонската телевизија е едноставното и некритичко известување за тековните случувања од политичкиот и од општествениот живот, без обиди за подлабоко навлегување во темите од јавен интерес и нивна аргументирана, критичка опсервација. Пристрасното известување е исклучително ретко. Сепак, во мониторираниот период телевизијата пренесе најави од функционери од партијата ВМРО-ДПМНЕ за нови проекти што ќе се спроведат, без да го земе во предвид фактот дека државата е во неизвесен транзициски период во кој е несигурно дали споменатите министри ќе останат на своите функции и дали нивните политики ќе се спроведат. Станува збор за најави од заменик-министерот за земјоделство Ванчо Костадиновски (17 јануари: „Министерството за земјоделство најави нови инвестиции од 140 милиони евра во водостопанството до 2020 година“), пренесена изјава од министерот за здравство Никола Тодоров во која тој вели дека во нивната партиска програма е предвидено да се воведе бесплатна вакцина против грип (23 јануари: „Здравје: следење на состојбата со грипот“), како и прилог во кој заменик-министерот за образование Спиро Ристовски најавува градежни зафати во студентските домови (26 јануари: „Образование: Реконструкција и опремување на студентските домови“) Емитуван е и еден прилог во кој не е споменат конкретен политички субјект, но во телопот се искажува тврдење во врска со успешноста на државните политики, без никаде да се посочи извор (27 јануари: „Вработување: Мерките за вработување даваат резултати“). Од прилозите не може да се утврди дали станува збор за намерно фаворизирање или за пропуст, но јавниот сервис нема обврска да објавува најави што во актуелните политички околности може да имаат карактер само на партиски ветувања и да ги претставува како политики што ќе ги спроведе државата




во известувањето кон политичките субјекти на МТВ 1 (16-20 и 23-27 јануари)



# МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
## ВТОР СЕРВИС

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

МТВ2 во вестите на албански јазик објави 73 прилози поврзани со актуелните случувања главно поврзани со политичката криза во земјата по изборите. Најчесто информираше на следниве теми: преговорите за формирање влада (31), работата на јавните институции (11 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (8). Од останатите тема, беа обработени и редовните активности на владини претставници и институции и партиските препукувања околу две актуелни теми – загадувањето и снегот (по 4 прилози), и 2 прилози за тнр. Процес на „десоросоизација“.




**Број на прилози според теми на МТВ 2 (16-20 и 23-27 јануари)**

| | |
|---|---|
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Во контекст на формирањето на новата влада, Вториот канал на Јавниот сервис во вестите на албански јазик информираше најмногу за разговорите на релација ВМРО ДПМНЕ – ДУИ, со нагласок на улогата на платформата што ја потпишаа албанските партии и со поголем фокус на улогата на албанските партии во овие преговори. Во врска со работата на државните и локалните институции телевизијата информираше за промените што се воедуваат во однос на социјалната помош и Катастарот за недвижности, за извештаите за корупција, состојбите во полицијата преку реакција на Независниот синдикат, за проблемите со снегот во руралните делови од земјата, за влијанието на одлуката за увоз на струјата врз граѓаните и друго. Телевизијата објави и неколку

прилози кои промовираат некој владин (или локален) проект, како новата опрема на Очната клиника, проширување на капацитетите за бездомници, проектите за пензионерите. За работата на СЈО информираше за повлекувањето на случајот „Пуч“ и за двете нови истраги „Тарифа“ и „Тенк“ и за партиските реакции. Од економските теми, иако малку застапени, беа објавени пролози за зголемувањето на бројот на даниочните обврзници и за компаниите кои имаат влијание врз економскиот раст. На темата „десоросоизација“, објавени се два прилози за формирањето на невладината организација „СОС“.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најзастапен политички субјект во прилозите на телевизијата е партијата ВМРО-ДПМНЕ, која се опсервира во 59 прилози, додека нејзините функционери во 25. ДУИ и нејзините функционери се присутни во 60 прилози (само ДУИ во 35 прилози), додека СДСМ во 43. Од останатите субјекти, во најмногу прилози е известува за работата на СЈО (27), а државните и локалните институции во 7 прилози. Во вестите на албански јазик на МТВ 2, не се изразуваат ставови на фаворизирање или демонизирање за ниту еден субјект. Ретко се прилозите во кои се изразува критички став, главно кон работата на институциите.

Критички пристап се забележува во прилозите кои се однесуваат на прегворите меѓу ВМРО ДПМНЕ за новата влада, при што се критикува односот на мадатарот кон парнерот ДУИ (16.јануари.„Новата влада. Роковите течат, мандатарот брои во место“, 17 јануари „Новата влада. ВМРО уште не ја покани ДУИ за разговори“. Иако не експлицитно, во прилозите има наклонетост кон ставвоите на партиите од албанскиот блок, преку честото информирање за улогата на платформата која овие партии ја потпишаа и чие потпишување се поставува како услов за преговори (18 јануари „Муслиу: Нема криза, Албанците




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата МТВ 2 (16-20 и 23-27 јануари)**

покренеа тензии кај ВМРО; Селмани: Никакво движење од точките на платформата; Бакиу: се чекаат новите движења на политичките партии“,, 26 јануари „Владата- албанската платформа. СДСМ: Платформата, делумно компатибилна“). Неколку прилози беа и за инспекцијата кај градоналачникот на Гостивар Невзат Бејта, која се доведува во контекст на притисок врз него кој се смета за еден од противниците за коалицијата ВМРО –ДПМНЕ – ДУИ (19 јануари „Посетата на инспекторите во општина. Бејта: ВМРО ми се одмаздува за политичките декларации“).

Благ фаворизирачки став телевизијата изразува во прилозите за владини проекти и новини (16 јануари “Клиника за токсикологија. Нова опрема во услуга на пациентите“, 18 јануари „Бездомничките засолништа. Ќе се прошири капацитетот во „Момин Поток“, 20 јануари „МТСР: Пензионерите, рекреација без пари во бањи“).

За работата на СЈО кое е најспоменуван непартиски субјект во прилозите објавени во анализираниот период, во вестите на МТВ 2 се информираше за повлекувањето на предметот „Пуч“, за објавувањето на двете нови истраги „Тарифа“ и „Тенк“, преку пренесување на ставот на сите субјекти, преку нивните соопштенија и изјави, без вредносна оценка (18. Јануари „Случајот „Пуч“. Специјалното обвинителство се откажа од обвинението; СДСМ: мина времто кога се монтираа судските случаи; ВМРО: СЈО се делигитимираше сама себеси“).



# СИТЕЛ

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата Сител во мониторираниот период објави вкупно 121 прилог во врска со политичката криза и другите актуелни случувања. Најголемиот број од нив се однесуваат на промовирање на проектите и мерките на Владата и на другите институции (31), на преговорите за формирање нова влада (21 прилог), десоросоизација (20 прилози), работата на СЈО (18), покривање на редовните активности на функционерите (10), на ставовите на политичките партии за различни прашања како загадување, снег, набавка на струка (9), работата на државните и локалните институции (6) и други теми.




**Број на прилози според теми на телевизијата Сител (16-20 и 23-27 јануари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на предвремените парламентарни избори |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Во врска со најзастапената тема, Телевизијата објави прилози за тековните проекти (16 јануари "Клиниката за тоскикологија доби нова опрема за интенивна нега, инвестиција вредна околу 180 000 евра", 20 јануари „Почна пријавувањето за бесплатна бања и туристички викенд за пензионерите"), потсетуваше на како што се нарекуваат „успешни приказни" од изминатите години на владеење на ВМРО ДПМНЕ (17 јануари „Државната кардиохирургија успешно се развива, од основањето до денеска за 15 пати е зголемен бројот на операции") и се најавуваа нови (16 јануари "Годинава ќе биде завршен проектот гасификација на Неготино како дел од магистрачниот гасовод Штип"), најмногу преку отчетот на градоначалниците од ВМРО ДПМНЕ од повеќе општини. При

известувањето Телевизијата го занемари фактот дека дел од актуелните министри можеби нема да бидатна овие позиции во следната влада, а настапот на градоначалниците е како во предизборна кампања за локалните избори кои треба да се одржат подоцна оваа година.

За преговорите за состав на нова влада се известуваше за средбите и изјавите на партиските претставници, се пренесуваа пораките од меѓународната заедница, пишувањата на странски медиуми со кои се наведуваше на ставот дека е неопходно идната влада да биде составена од ВМРО и ДУИ (20 јануари „Груевски за Експрес: Со Ахмети направивме многу значајни дела за граѓаните на Македонија", 26 јануари "Десет причини за коалиција со Груевски. Албански Сити њус во редакциски коментар бара од ДУИ да си подадат рака со ВМРО-ДПМНЕ ") и се критикуваше писмото на албанските интелектуалции кои побараа ДУИ да не коалицира со ВМРО ДПМНЕ (18 јануари „За албанските гласачи едни за македонските други правила во политиката"). За редовните активности на јавните функционери се известуваше за посетата на претседателот Ѓорѓе Иванов на Египет, и реакциите што тој ги предизвика со употребата на уставното име на земјата 20 јануари „(Грција реагира оти Египет јаословувал Македонија со уставното име"), реакцијата на МНР до Србија поради употребата на сообраќајни знаци со кратенката БЈРМ, активностите на локалната власт во справувањето со снегот и други теми.

За работата на СЈО се известуваше за предметите „Пуч" и за новите истраги „Тенк" и „Тарифа" при што за повлекувањето на „Пуч", се напаѓаше оваа институција дека работи во интерес на СДСМ и го штити нејзиниот претседател Зоран Заев, теза што ја промовира ВМРО ДПМНЕ (19 јануари "Специјалното обвнителство со аболицијата на Заев и Верушевски докажа дека тие се виновни за прислушувањето и случајот Пуч", се објавуваа реакции на партии од владината коалиција ( 23 јануари "Повлекувањето на обвинението за случајот Пуч од Специјалното јавно обвинителство е уште една аболиција за Зоран Заев и Верушевски, порачаа денеска од ГРОМ",27 јануари "И партијата за интеграција на Ромите се јави со реакција по одлуката на Катица Јанева да го повлече обвинението за случајот Пуч"), ставои на експерти (18 јануари „Во интервју за Сител професор доктор Саво Климовски уште минатата година го критикуваше однесувањето на надлежните институции во случајот Пуч. Тој во неколку наврати посочи дека Зоран Заев требаше да биде уапсен уште во првиот момент кога почна да му се заканува на тогашниот премиер Никола Груевски") и статуси на гражани на социјалните мрежи кои се претставуваа како реакции во јавноста (18 јануари Жестоки и бурни реакции во јавноста за одлуката на СЈО да го помилува Заев: „Вие сте срам за правдата").

Во известувањето за темата десоросоизација се фаворизираше овој процес најавен од ВМРО-ДПМНЕ и детално се известуваше за активностите на здружението Стоп операција Сорос (27 јануари „Стоп операција Сорос: Невладините ги злоупотребувале парите на УСАИД"), за протестот на Македонците во Њујорк против влијанието на Сорос во Македонија (16 јануари „Македонците од САД бараат новиот американски претседател Доналд Трамп да ја заштити земјава од штетните политики на фондацијата Сорос"), и прилози во кои поддржувачите и граѓанските организации кои се финансиранми со проекти на Фондацијата на Сорос се претставуваа како проблематични и во други земји (20 јануари „Активисти на СОРОС ја нападнаа полицијата на САД", 24 јануари „Слично како и Македонија - Словачка се соочува со манипулациите на СОРОС", 26 јануари „Соросовите организации со штелувани извештаи против сите држави кои ќе им се спротивставаат").

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најзастапен политички субјект во вестите во овој период е партијата ВМРО-ДПМНЕ, за која се известува во 69 прилози. СДСМ е присутна во 51 прилози, ДУИ во 25 прилози. Од другите субјекти најзастапени се невладините организации и фондациите во 41 прилог, СЈО во 27, а државните и локалните институции во 24 прилози. Во содржината, доминираат ставовите на ВМРО ДПМНЕ, кои се фаворизираат во 26 прилози. Демонизирачки став новинарите и уредниците изразуваат во 103 прилози, од кои во по 39 прилози тој е насочен кон СДСМ и невладините организации и фондации, а во 23 кон СЈО.

Телевизијата некритички ги пренесува ставовите на партијата ВМРО ДПМНЕ и во претставувањето на најавите за проекти не прави разлика меѓу партијата и државата (24

јануари “Владата на ВМРО-ДПМНЕ Во изминативе 10 години инвестирала над една милијарда евра во земјоделството“, 25 јануари “ВМРО-ДПМНЕ во изминативе десет години сериозно инвестираше во железницата велат од владејачката партија“). Ваквов облик на фаворизирање има и при известувањето за работата на државните функционери од редовите на ВМРО ДПМНЕ (17 јануари „Министерот Тодоров апелираше да не се врши притисок по однос на пристигнатите понуди на тендерот за изградба на нов клинички центар“, 17 јануари „Миноски во Виена: Корист а од влезот на странски компании, повеќекратна“, 23 јануари „Канческа повика личните интереси да не бидат на штета на националните и културните “).

Во ист напаѓачки тон некритички се пренесуваат и ставовите на ВМРО ДПМНЕ за работата на СЈО (19 јануари „ВМРО-ДПМНЕ: СЈО докажа дека Заев и Верушевски се виновни за „Пуч“, 20 јануари „ИК ВМРО-ДПМНЕ: Одлуката на СЈО за повлекување од „Пуч“ е скандалозен преседан“, 23 јануари „Милошоски: Катица Јанева има недосаток на професионален капацитет и стручен интегритет“) без да се обезбеди простор за искажување на ставото на споменатите субјекти. По истиот принцип на фаворизирање, без објавување и на „другата страна“, телевиијата извести иза извептајот на Транспаренси интернешенал за индексот на корупција во земјата, при што во вестите беа објавена реакција од ВМРО ДПМНЕ н наводите во извештајот (25 јануари “На извештајот на Транспаренси интернешнл реагираше ВМРО-ДПМНЕ”), а ден потоа коментаторска анализа (26 јануари „Соросовите организации со штелувани извештаи против сите држави кои ќе им се спротивстават“), но не беше објавен прилог за самиот извештај на Транспаренси.

Наспроти тоа, силен напаѓачки тон во известувањето има кон СДСМ. Партијата се обвинува дека е подготвена да прифати двојазичност и федерализација предвидена со платформата на албанските партии (19 јануари “Платформата на албанските партии е целосно прифатлива за СДСМ вели аналитичарот Сашо Ордановски кој важи за близок до раководството на Бихаќка“), инеарументирано се известува за наводно незадоволство внатре во партијата (25 јануари Дневник: Членството на СДСМ против намерата на Заев да ја прифати платформата на албанските партии).

Во контест на темата за десоросоизација, Телевизијата го користи терминот “сорософиди“ со кои етикетира јавни личности кои наводно работат против интересите на државата (17 јануари „Престанок на монополот во граѓанскиот сектор финансиран од Сорос, насилието врз институциите, и газењето на вољата на мнозинството граѓани во Македонија.Ова е целта на граѓанското движење „Стоп операција СОРОС“, 23 јануари Соросовите платеници скандалозно најавуваат затвор и прогон за сите 455.000 Македонци кои се против Сорос“,24 јануари „Падна Викторија Нуланд, падна Џорџ Сорос во немилост на новата американска власт паднаа соросоидите, но тие се уште активни.... се обидуваат да наметнат коалиција за власт меѓу СДСМ и ДУИ“), што е на линија на ставовите што ги промовира ВМРО ДПМНЕ. (24 јануари најава: „А време е сега да кажеме дека повторно теми ни се соросоидите, повторно теми ни се СДСМ и нивните акции во соработка со СЈО“).




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата Сител (16-20 и 23-27 јануари)**

ТЕЛМА

# ТЕЛМА

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизија Телма во известувачкиот период објави 74 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи во земјата. Најчесто застапени теми беа: преговорите за формирање влада (29), работата на државните и локалните институции (17), работатана СЈО (13), и во помал број состојбата во економијата (3) и темата за тнр. „десоросоизација“, загадувањето и снегот (по 2 прилози).




**Број на прилози според теми на телевизијат Телма (16-20 и 23-27 јануари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на предвремените парламентарни избори |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Во врска со најзастапената тема, телевизијата известуваше за сите активности поврзани со преговорите за формирање влад. Освен за редовните средби меѓу лидерите на политичките партии, телевизијата опсервираше и детали околу кои се кршат копјата во преговорите (20 јануари „Најверојатно двојазичноста ќе се решава со измени во Законот за јазиците дознава телма од тимовите вклучени во преговорите за состав на новата влада“). Изградбата на новиот клинички центар и сомнежите околу легалноста на тендерот, одлуката за продолжување на забраната за работа на комбинатото Југохром и увозот на струја од странство, уназадувањето на Македонија во однос на борбата со корупцијата и тендерот за депонијата Дрисла беа темите преку кои оваа телевизија ја анализираше работата на државните и локалните институции. Во однос на работата на СЈО се известуваше за клинчот во кој се најде предметт „Тврдина“ откако МВР и УБК одбија даги декласифицираат доказите, за партиските ставови на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ за повлекувањето на слујаот „Пуч“, и за двете истраги што ги покрена ова Обвинителство „Тенк“ и „Тарифа“. За економските состојби, оваа телевизија во повеќе наврати информираше за истражувањето на БИРН за падот на инвестиции во земјата и реакцијата на првите луѓе на Министерството за финансии и на Развојните зони (25 јануари „Министерот за финан-

сии Кирил Миновски и директорот на развојните зони Виктор Мизо немаат одговор околу пропаднатите странски инвестиции што ги истражуваше БИРН“), и преку сопствена анализа на буџетот (26 јануари „Податоците во Министерството за финансии покажуваат и помалку приходи и расходи. Надлежните причината ја лоцираат во изборите, а економистите во недомаќинското работење на власта“). Известувањето за темата што ја намета власта за „десороизација“ беше во котекст на собирите на македонски граѓани во САД.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најчесто застапен субјект во прилозите на Телма е ВМРО ДПМНЕ (54),и заедно со функционерите од оваа партија се споменува во 85 прилози. СДСМ се опсервира во 40 прилози (во само еден е нејзин функционер), а ДУИ  во 36 прилози ( дополнително во 4 прилози се известува за работата на нејзините функционери) Од останатите субјекти, најчесто споменувани се СЈО (32 прилози), државните и локалните институции (27) во 10 невладините организации и фндации, во 9 претседателот на државата.

Во најголем број од прилозите на Телма не се изразува вредносна оценка за некоја активност или став на политички субјект. Во 10 прилози критички се опсервира работата на функционери на ВМРО ДПМНЕ, локални и државни институции и ВМРО ДПМ (23 Форшпан среде вести неутрално (23 јануари „Повлекувањето на случајот Пуч , острата реторика која потоа и се уште ја упатува речиси секојдневно ВМРО-ДПМНЕ партијата која претендира на формирање на новиот владин кабинет и сето она што се случуваше денеска на релација судство-обвинителство се повод вечерва во Топ тема да ја отвориме дилемата: Дали СЈО ќе ја заврши својата работа и на каков начин?“, 23 јануари „Поранешниот претседател на кривичниот суд Скопје, Владимир Панчевски го избегна судењето против него“, 25 јануари „Податоците од анализата на истражувачката мрежа Бирн ги замолче надлежните. Ниту министерот за финансии во оставка Кирил Миновски ниту директорот на дирекцијата за ТИРЗ Виктор Мизо не сакаа да ги коментираат бројките кои покажуваат дека од инвестицискиот бум со кој со години се фалеше владата предводена од ВМРО ДПМНЕ на терен има многу малку, односно дека седум пати помали се инвестициите во однос на најавеното или дека биле отворени три пати помалку работни места од ветеното“, 27 јануари („Вечерва ќе ги начнеме и актуелните прашања околу истрагата на СЈО за набавки во ЕЛЕМ, но и генерално дилемата дали девизата на ЕЛЕМ Енергија за македонија е она виситнското или пак ЕЛЕМ е како што неформално се смета златната кокошка за партиски бизнис интереси?“)




Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата Телма (16-20 и 23-27 јануари)



# 24 ВЕСТИ

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата 24 Вести во известувачкиот период објави 139 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи во земјата. Најчесто застапени теми беа работата на јавните институции (26 прилози), преговорите за формирање влада (24) и работата на Специјалното јавно обвинителство (21). Меѓу позначајните теми што телевизијата ги обработи беа и проектите и мерките на Владата (13), состојбите во економијата и инвестициите (9) и задолжувањата и јавниот долг (6).




**Број на прилози според теми на телевизијата 24 Вести (16-20 и 23-27 јануари)**

| | |
|---|---|
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Во врска со работата на институциите се следеше работата на правосудните органи, проблемот со загадувањето, извештаите за корупција, снабдувањето со енергија, справувањето со снегот, реакциите на МНР кон Србија и други теми. Редовно се следеа сите случувања во врска со формирањето влада, вклучувајќи ги партиските средби и состаноци, пораките од меѓународната заедница, како и инспекциските контроли во општини раководени од градоначалници на ДУИ, кои се толкуваа како реакција на власта поради нивното противење да се формира коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. Откажувањето од случајот „Пуч“ и двете нови истраги „Тарифа“ и „Тенк“ беа темите што се следеа од работата на СЈО. Во врска со владините проекти, пак, медиумот најмногу известуваше за контроверзите околу изградбата на нов клинички центар. Беа објавени пет прилози на темата „десоросоизација“ во кои се застапуваше тезата дека тоа е обид за дефокусирање на јавноста од актуелните проблеми.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најзастапен политички субјект во прилозите на телевизијата е партијата ВМРО-ДПМНЕ. Самата партија или јавните функционери од нејзините редови се опсервираат во 130 информации, а во уште три се застапени нејзини коалициски партнери. ДУИ и нејзините функционери се присутни во 60 информации, СДСМ во 52, а другите партии ретко се појавуваат. Од непартиските субјекти, СЈО се споменува во 40 информации, а државните и локалните институции во 50. Во однос на содржината, ничии политички ставови не доминираат над другите, ниту се изнесуваат коментари и оценки со кои се фаворизираат одредени политички гледишта.

Критичкиот однос што новинарите и уредниците од оваа телевизија го изразуваат кон различни субјекти, пред се кон институциите и кон носителите на јавни функции, е аргументиран и од политички неутрална позиција. Кон партијата ВМРО-ДПМНЕ се искажува критики во врска со процесот на „десоросоизација" што го најавува партиското раководство со проглас (18 јануари: „На прогласот следеа инспекции од УЈП во дваесетина невладини организации"; 27 јануари: „Десоросоизација: дефокус или пресметка со предавници?"), или во врска со политичките преговори за кои беше истакнато дека односот на партијата кон Албанците бил пречка за да се формира влада (24 јануари: „Опозициските бомби покажаа шокантни размислувања на високите функционери на ВМРО-ДПМНЕ за албанската етничка заедница"). Се критикуваа и нападите на партијата кон СЈО откако тоа одлучи да се повлече од предметот „Пуч" (19 јануари: „Го заниша ли Вељаноски повторно Дамокловиот меч за СЈО").

Постапките на функционерите од оваа партија беа почесто цел на критичка опсервација, и тоа министерот за здравство Никола Тодоров во врска со цената, локацијата и други спорни аспекти на проектот за нов клинички центар (20 јануари: „Техничка влада не смее да прави грандиозни проекти. Клинички го следат контроверзи. Тодоров не отстапува"), градоначалникот на Скопје Коце Трајановски за




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата 24 Вести (16-20 и 23-27 јануари)**

начинот на кој што градот Скопје се справува со загадениот воздух (18 јануари:„Граѓаните велат не го гледаат бенефитот ниту од краткорочните, а не очекуваат многу ни од долгорочните мерки, бидејќи секоја од нив е или многу скапа, или ветување во најава“), министерот за надворешни работи Никола Попоски кој се уште е на таа функција иако веќе го верификува мандатот за пратеник, што е неспоиво (18 јануари: „Членовите 63 од Уставот, 5 и 9 од Законот за пратеници, како и 8 од Изборниот законик, недвосмислено укажуваат дека пратеникот Попоски не може да ја врши и министерската функција, велат од Синдикатот на дипломатската служба“), министерот за финансии Кирил Миновски откако тој избегна да ги коментира информациите дека во земјава влегле седумпати помалку странски инвестиции отколку што најавила Владата (25 јануари: „Инвестициски бум или колапс? Функционерскиот двоец Миновски-Мизо не сака да коментира каде се ветените, а неостварени инвестиции“) и други. Во помал дел од критичките прилози беа опфатени и функционери на ДУИ (23 јануари: „Денешната прошетка на Владината и општинската делегација во новоизградената градинка траеше речиси еден час, а за тоа време родителите ги чекаа своите деца надвор на студот).

Под критичка лупа беа ставени и локалните и државните институции (19 јануари: „И покрај милионските суми потрошени за чистење на снегот, голем дел од улиците и патиштата се едвај проодни“). Овој тон беше присутен и во известувањата за новите задолжувања и за нивото на јавниот долг.

Ретки примери на фаворизирање политички гледишта се два прилога во кои се пренесуваат ставови на партијата СДСМ во врска со актуелни состојби, без да се побара мислење од другата страна (20 јануари: „СДСМ: Општина Карпош да ги исчисти улиците од снег“; 27 јануари: „СДСМ: Војниците носат искинати униформи и немаат греење“). Од прилозите не може да се утврди дали станува збор за намерно фаворизирање или за пропуст, но овие две партиски обраќања беа еднострано пренесени.



# КАНАЛ 5

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата Канал 5 во мониторираниот период објави вкупно 149 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи во земјата. Најголемиот број од нив се однесува на промовирање на проектите и мерките на Владата и на другите институции, како и на преговорите за формирање нова влада (по 24 прилози), потоа на покривањето на редовните активности на функционерите и на обраќања на политичките партии за различни прашања (по 21 прилог), десоросоизацијата (16 прилози), работата на СЈО (13 прилози) и други теми.




**Број на прилози според теми на телевизијата Канал 5 (16-20 и 23-27 јануари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на предвремените парламентарни избори |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Во врска со преговорите за формирање нова влада се известуваше за средбите меѓу партиските претставници и нивните ставови, пораките од меѓународната заедница, како и за писмото со кое група интелектуалци Албанци побараа од ДУИ да не коалицира со ВМРО-ДПМНЕ. Се известуваше за тековните проекти на Владата (16 јануари: „Клиниката за токсикологија доби нова опрема“), но и за проектите што се во најава (17 јануари: „140 милиони евра ќе се инвестираат во капитални проекти за водостопанство“), како и за отчетите што ги даваа повеќемина градоначалници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, заедно со најави за нови проекти (24 јануари: „Трајановски 2016 ја оцени за успешна година за градот, со реализирани проекти во сите 10 општини на територијата на Скопје, со кои значително ќе се подобри животот на граѓаните“). При известувањето за проектите и за мерките, се изостави фактот дека земјата беше во транзициски период во кој не можеше со сигурност да се потврди дека министрите ќе останат на своите позиции да ги спроведат најавените политики, како и дека истекува мандатот на локалната самоуправа,

поради што ниту градоначалниците не можат да дадат најави за целата година, освен како предизборни ветувања. Напротив, кон најавите се пристапуваше како кон нешто што со сигурност ќе се реализира.

Од редовните активности на јавните функционери се известуваше за посетата на претседателот Ѓорге Иванов на Египет, активностите на градоначалниците за расчистувањето на снегот, информациите од министеорт за здравство Никола Тодоров во врска со справувањето со грипот, честитките од државниот врв по повод верскиот празник Водици и друго. Меѓу почесто застапените теми беше и информирањето за обраќањата на политичките партии. Но се информираше претежно за прес-конференциите на ВМРО-ДПМНЕ на кои тие ги претставуваа проектите од својата предизборна програма (повторно без ограда дека тоа е нешто што можеби ќе се реализира ако партијата состави влада), потоа за бројни забелешки што советничката група на ВМРО-ДПМНЕ во општина Центар ги имаше за работата на градоначалникот Андреј Жерновски (најчесто со реакција од општината), а се емитуваа и неколку обраќања на СДСМ во врска со проблемите во зимското одржување на улиците, со условите во кои работи армијата и со други теми.

Во известувањето за темата десоросоизација се фаворизираше овој процес најавен од ВМРО-ДПМНЕ. Повеќето прилози што се однесуваа на работата на СЈО беа реакции на ВМРО-ДПМНЕ или на нејзините коалициски партнери во врска со одлуката на ова обвинителство да се повлече од случајот „Пуч", во кој лидерот на опозицијата Зоран Заев беше обвинет за обид за незаконско преземање на власта.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најзастапен политички субјект во вестите на Канал 5 во овој период е партијата ВМРО-ДПМНЕ, која се среќава во 142 информации. СДСМ е присутна во 93, ДУИ во 42, а другите партии се помалку присутни. Од непартиските субјекти најзастапени се невладините организации и фондациите во 37 информации, СЈО во 32, а државните и локалните институции во 26. Од аспект на содржината, политичките ставови на ВМРО-ДПМНЕ доминираат над другите.Позициите на владејачката партија се фаворизираат во 47 прилози, а тие на опозицијата се напаѓаат во 26 информации. Изразен демонизирачки однос има и кон СЈО во 15 информации, како и кон граѓанските организации и фондации, во 22.

Еден од најизразените облици на фаворизирање политички субјекти беше некритичкото пренесување на најавите на најавите на партијата ВМРО-ДПМНЕ за спроведување различни проекти, кои се претставуваат како нешто што сигурно ќе се спроведе, без да се земе во предвид политичката неизвесност, дури и често без да се повлече линија меѓу партијата и државата (16 јануари: „ВМРО-ДПМНЕ ги исполнува проектите од програмата Реално. Најавуваат гасификација за Неготино"; „ВМРО-ДПМНЕ најавува проекти во инфраструктурата: изградба на повеќе автопати"; 20 јануари: „ВМРО ДПМНЕ: до 2020 година пензиите ќе се зголемат за 10,25 %"). Овој тип на фаворизирање беше карактеристичен и за најавите на државните функционери на партијата (17 јануари: „Заменик-министерот за земјоделство Ванчо Костадиновски вели дека годинава ќе стартува реализацијата на три посериозни проекти кои ќе чинат околу 90 милиони евра"), како и на градоначалниците, кои даваа отчети и најавуваа проекти за годинава. Се фаворизираа и позициите на партијата во врска со т.н, десоросоизација (17 јануари: „Десоросоизацијата е враќање на демократијата на граѓаните, напиша на својот фејсбук-профил пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ Илија Димовски"), како и во врска со формирањето влада и можната коалиција со партиите на Албанците во замена за прифаќање на нивната платформа (19 јануари: „Наспроти јасните позиции на ВМРО-ДПМНЕ во опозициската партија засега молчат по барањата на албанските партии"). Ставовите на партијата беа доминантни и во известувањето за работата на СЈО.

Негативниот однос кон СДСМ, освен преку неаргументираните обвинувања дека партијата е подготвена да ја прифати т.н. албанска платформа што предвидува двојазичност на Македонија и редефинирање на државата, се изразуваше и преку пренесувањето на големиот број напаѓачки ставови на ВМРО-ДПМНЕ во врска со откажувањето на СЈО од случајот „Пуч", во кои цел на нападите беше и самото обвинителство (19 јануари: „Милошоски: Заев

и Верушевски се до гуша во криминал и тоа документиран криминал и докажан“; 20 јануари: „Ѓорчев: Срамна одлука со која СЈО се промовираше во партиски орган на СДСМ и Сорос“). Се пренесуваа и сличните ставови на коалициските партнери на најголемата владејачка партија (24 јануари: „ГРОМ: Откажувањето од судското гонење на Заев од Пуч е аболиција од страна на СЈО“; 26 јануари: „ПОДЕМ: Со одлуката за Пуч СЈО се делегемитираше“). За новите истраги „Тарифа“ и „Тенк“ се известуваше како за обид да се оттргне вниманието од случајот „Пуч“ (24 јануари: „СЈО на фејсбук објави со нови исраги, за ВМРО ДПМНЕ нарачка на СДСМ и дефокусирање од Пуч“).

Граѓанските организации, пред се тие финансирани од Фондацијата Отворено општество, беа демонизирани преку промотивни прилози за новото здружение „Стоп операција Сорос“ (17 јануари: „Народот беше сведок на грубо уривање на институциите. Да се истражи работењето на Сорос фондацијата“), некритичко пренесување информации од други медиуми (23 јануари: „Девет милиони евра за организациите на Сорос во Македонија, затскриени зад завесата на терминот „невладини“, пишува Дневник“), пренесување ставови на американски колумнисти кои се претставуваат како општ став на медиумите во кои се објавени (25 јануари: „Македонија и САД мора да ги победат своите непријатели, да почнеме со Џорџ Сорос. Под овој наслов про-републиканскиот Дејли Колер се осврнува на состојбите во Македонија) и на други начини.




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата Канал 5 (16-20 и 23-27 јануари)**

Алфа ТВ

# АЛФА

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата Алфа во известувачкиот период објави 142 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи во земјата. Најчесто застапени теми беа проектите и мерките на Владата и на другите институции (35 прилози), преговорите за составување влада (23 прилози), десоросоизацијата (20), работата на СЈО (20) и други теми




**Број на прилози според теми на телевизијата Алфа(16-20 и 23-27 јануари)**



| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на предвремените парламентарни избори |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Во врска со најзастапената тема, телевизијата известуваше за тековните проекти што се спроведуваат (16 јануари: „Клиниката за токсикологија доби нова опрема во вредност од 180 000 евра“), но и за тие што се во најава (17 јануари: „До 2020-та, ќе се потрошат 140 милиони евра за инвестиции во земјоделството“). Поголем број од овие прилози се однесуваа на отчетите на градоначалниците од партијата ВМРО-ДПМНЕ, кои ги најавуваа и проектите за оваа година (24 јануари: „Нови инвестиции, но и нови улици и тротоари , водоводни мрежи најавува за годинава градоначалникот на општина Петровец Борче Митевски“). Медиумот притоа не ги земаше во предвид околностите дека земјата е во преоден политички период и не е сигурно дали министрите што ги најавуваат проектите ќе

останат на функциите за да ги остварат, како и дека завршува и мандатот на локалната самоуправа, па ниту градоначалниците не можат да даваат најави за целата година, освен како предизборни ветувања.

Во врска со преговорите за составување влада, најголемиот дел од прилозите се однесуваа на покривање на партиските средби и состаноци, а во дел од нив се напаѓаше отвореното писмо од група интелектуалци-Албанци, кои го повикуваа ДУИ да не коалицира со ВМРО-ДПМНЕ. Повеќето прилози поврзани со работата на СЈО беа сведени на пренесување реакции од ВМРО-ДПМНЕ, од нејзините коалициски партнери или од други медиуми во врска со откажувањето на обвинителката Катица Јанева од случајот „Пуч“. Особено големо внимание телевизијата посвети на темата „десоросоизација“, со што силно го фаворизираше овој процес најавен од партијата ВМРО-ДПМНЕ.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најзастапен политички субјект во прилозите на телевизијата е партијата ВМРО-ДПМНЕ. Таа, или јавните функционери што и припаѓаат, се споменуваат во 117 информации, а нејзините коалициски партнери во уште три. СДСМ се појавува во 7, ДУИ и нејзините функционери во 22, а другите партии ретко се појавуваат. Од непартиските субјекти, во 38 информации се сретнува СЈО, а граѓанското општество, односно невладините организации и фондациите, во 50. Во однос на содржината, политичките ставови на ВМРО-ДПМНЕ доминираат над другите (во 90 информации за нив се известувало во фаворизирачки контекст), а особено негативен однос се изразува кон СДСМ (55 известувања во негативен контекст), кон невладините организации (35) и кон СЈО (27).

Телевизијата некритички ги пренесува информациите од партијата ВМРО-ДПМНЕ со кои таа зборува за успешноста на своите политики (24 јануари: „Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ во изминатите 10 години инвестираше над 1 милијарда евра во земјоделството. Овие пари  го помогнаа, модернизираа и подигнаа квалитетот на секторот, велат од партијата“), како и најавите од партијата за нови проекти, без оглед на тоа што не е јасно дали таа ќе раководи со државата (16 јануари: „Со почетокот на 2017 почнува со реализација  проектот за гасификација на Неготино кој е дел од програмата Реално, и кој започна минантата година со изградбата на гасоводот Штип-Неготино“). Ова се повторува и во покривањето на активностите на нејзините функционери, како министерот за здравство Никола Тодоров со најавата за бесплатна вакцина против грип (23 јануари: „Според новата програма на партијата, вакцината ќе биде бесплатна за граѓаните постари од 65 години, како и за сите над 60-годишна возраст кои не користат пензија“). Пофалби можеа да се забележат и за локалните функционери од ВМРО-ДПМНЕ (19 јануари: „Градоначалникот Коце Трајановски цела ноќ со зимската служба беше на терен и ги следеше активностите“). Посебно се нагласуваа и позициите на оваа партија во врска со формирањето влада, пред се тие што се однесуваат на платформата на партиите на Албанците или на нејзини делови како двојазичноста или редефинирањето на државата (17 јануари: „Од ВМРО ДПМНЕ пак уште на почетокот истакнаа дека нема да потклекнат на ваквите условувања и дека не би формирале мнозинство по секоја цена“).

Негативниот и напаѓачки однос кон партијата СДСМ се сретнува во темите поврзани со преговорите за формирање влада, која неаргументирано се обвинува дека ги прифаќа политичките барања на Албанците, а тоа се толкува како предавство на државата (16 јануари: „Од авион се гледа дека БЕСА, СДСМ и СОРОС кумувале и во создавањето на апелот, што скоро сите  сите се вработени кај коалициониот партнер на СДСМ Фијат Цановски“; 19 јануари: „Груевски и Ахмети почнаа преговори. Извршниот комитет вечер заседава. СДСМ официјално молчи, но нејзините сателити со отворени раце прифаќаат се што бараат Албанците“). Овој однос се сретнува и во неколку еднострано пренесени критики на ВМРО-ДПМНЕ кон градоначалникот на Центар Андреј Жерновски. Опозициската партија е споменувана во негативен контекст и во повеќето прилози поврзани со СЈО, а кои се однесуваа на речиси секојдневните реакции на ВМРО-ДПМНЕ откако ова обвинителство се повлече од случајот „Пуч“ во кој обвинет беше лидерот на СДСМ Зоран Заев (18 јануари: „Нов скандал од СЈО. Повлечено обвинението за „Пуч“. Каде е правдата за која зборуваат специјалните обвинители. Далие е таа истата со која денеска Катица Јанева го спаси Заев. Социјалните мрежи со гнев кон СЈО“; 19 јануари: „Купиштата докази за пучот на Заев и

Верушевски кои ги виде цела јавност не биле доволни за Јанева и СЈО кривично да гонат. Маските паднаа, не се бара правда туку се штитат СДСМ и Заев“).

„Десоросоизацијата“ се следеше исто така речиси секојдневно, со пренесување на ставовите на новоформираното здружение „Стоп операција Сорос“ (17 јануари: „Упатија повик до сите граѓани со јасно изразени демократски вредности, да им се приклучат како што велат во борбата против едноумието во граѓанскиот сектор осмислено и предводено од Џорџ Сорос“), како и со пренесување информации од странство кои се толкуваа низ призмата на домашните политички случувања (23 јануари: „Поранешната сопруга на албанскиот премиер  Еди Рама ќе доделува 9,5 милиони евра на невладини во Макеоднија. По платформата напишана во Тирана, сега и пари за спроведување“). Се известуваше пред се нападачки кон граѓанските организации финансирани од Фондацијата Отворено Општество, но не е забележан обид да се побара нивниот одговор на пренесените напади.

Во врска со темите за економските состојби, телевизијата објави прилози дека се зголемил бројот на големи даночни обврзници и дека порасна просечната плата, но ги избегна информациите за растењето на јавниот долг, како и за истражувањето дека се оствариле седум пати помалку странски инвестиции отколку што најавила Владата, со што повторно изрази фаворизирачки однос кон владините претставници.




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата Алфа (16-20 и 23-27 јануари)**

ALSAT M

# АЛСАТ М
# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата Алсат М во известувачкиот период во вестите на македонски јазик објави вкупно 114 прилози што се однесуваат на политичкиот живот и на демократските реформи во земјата. Убедливо доминираше темата за преговорите за составување нова влада (44 прилози), по што следуваа работата на јавните институции (27 прилози), активностите на Специјалното јавно обвинителство (14 прилози) и други теми.




**Број на прилози според теми на телевизијата Алсат М, вести на македонски јазик (16-20 и 23-27 јануари)**

| | |
|---|---|
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Во врска со преговорите за формирање влада се информираше за меѓупартиските средби, пораките од меѓународната заедница, како и за инспекциските контроли во општините раководени од градоначалници од ДУИ што се изјасниле против коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. Се емитуваа и аналитички прилози во врска со можностите ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ да формираат нова владина коалиција. Од работата на институциите најчесто се известуваше за проблемите во судските органи, а имаше прилози и за дискриминација на Албанци вработени во УЈП, непостапувањето на обвинителството во случаи на говор на омраза од припадници на владејачката партија, раст на корупцијата итн. Што се однесува до работата на СЈО, се известуваше за судскиот процес во случајот „Тврдина“, откажувањето од случајот „Пуч“, новите истраги „Тарифа“ и „Тенк“ и посебен акцент се ставаше на пречките од судските органи и од други субјекти, со кои ова обвинителство се соочува. За десоросоизацијата се емитуваа мал број прилози, во кои се критикуваше овој процес и се пренесе дека ДУИ не го поддржува.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Фаворизирањето и демонизирањето политички субјекти во вестите на оваа телевизија е исклучително ретко. Фаворизирачки карактеристики имаше известувањето дека партијата СДСМ помогнала да се исчисти снегот во селото Арачиново (17 декември: „СДСМ им излезе во пресрет на арачиновци, кои општината како да ги заборави. Партијата обезбеди механизација за да се исчисти снегот“), каде иако беше критикувана општината, не беше доведено во прашање како една политичка партија обезбедува механизација и извршува јавни работи.

ВМРО-ДПМНЕ е најзастапен субјект и во аргументираните критички прилози на телевизијата, и тоа за процесот на десоросоизација што партијата го најави (16 јануари: „За секоја досегашна активност против Владата, ВМРО и лидерот на оваа партија Никола Груевски вината им ја припишуваше на Џорџ Сорос и на некои странски служби“), како и за обидите да се формира влада, во кои паралелно се критикуваше и ДУИ (17 јануари: „Анализа: спротивставените почетни позиции меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ се политичка игра за да се спречи формирање влада“). Владејачката партија беше критикувана и за говорот на омраза искажан на нејзините собири пред Државната изборна комисија во декември, додека се решаваше по приговорите за изборите, а на институциите им се забележува дека цел месец не реагирале за тоа (20 јануари: „Ниту една државна институција досега не го осуди, ниту пак поведе постапка за говорот на омраза што на крајот на минатата година можеше да се слушне на протестите пред ДИК од членовите и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ“). Исто така, податоците од истражувањето на Балканската мрежа за истражувачко новинарство (БИРН), кои покажаа дека странските инвестиции во Македонија се далеку помали отколку што се најавувале, беше искористено за критика кон владејачката партија, на која привлекувањето странски инвестиции и е еден од главните адути во изборните кампањи (23 јануари: „За 10 години Владата на




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата Алсат М, вести на македонски јазик (16-20 и 23-27 јануари)**

ВМРО-ДПМНЕ се фалеше со инвестиции од 3,8 милијарди евра. Од тоа во реалноста се инвестирани само 580 милиони. Во Западна Македонија, пак, само 1,4 милиони“)

Втор најкритикуван субјект се државните и локалните институции. За УЈП беа пренесени жалби за етничка дискриминација (16 јануари: „Албанците кои се вработени во УЈП преку Секретаријатот за спроведување на Охридскиот договор се жалат дека се дискриминирани од раководството“). За Министерството за внатрешни работи, пак, се вели дека недоволно се ангажира да ги расчисти информациите дека уапсените по вооружениот напад во Куманово во мај 2015 биле малтретирани (23 јануари: „Иако истрагата на МВР била еднострана, без учество на одбраната на обвинетите, ресорниот министер Агим Нухиу смета деа врз обвинетите за тероризам во случајот Куманово не е вршено насилство“).Владата се посочува како одговорна за раст на корупцијата (25 јануари: „Македонија на 90-тото место во светот според корупција. Од Транспаренси интернешнл за ваквата состојба ја обвинува Владата“). Пречките со кои се соочува СЈО од судските органи исто така беа предмет на критичка опсервација (18 јануари: „Скопскиот кривичен суд засега не дава одговор дали постои пример во кој судија одбил докази во предмет, затоа што тие биле класифицирани. Дали предметот Тврдина на СЈО ќе биде прв таков случај, засега е рано да се прогнозира“).



ALSAT M

# АЛСАТ М
# АЛБАНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Вестите на телевизијата Алсат М на албански јазик се речиси идентични со изданието на македонски јазик. Единствените разлики се должат на тричасовната разлика во терминот на емитувањето и на можноста меѓу двете изданија да се појават нови информации во врска со политичките случувања. Во известувачкиот период во вестите на албански јазик телевизијата објави вкупно 117 прилози што се однесуваат на политичкиот живот и на демократските реформи во земјата. Убедливо доминираше темата за преговорите за составување нова влада (45 прилози), по што следуваа работата на јавните институции (23 прилози), активностите на Специјалното јавно обвинителство (15 прилози) и други теми.




**Број на прилози според теми на телевизијата Алсат М, вести на албански јазик (16-20 и 23-27 јануари)**

| | |
|---|---|
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Освен минималните резлики во бројот на емитувани прилози во врска со овие теми, кај Алсат М не се забележуваат никакви разлики во уредувачката политика меѓу информативните изданија на македонски и на албански јазик. Според тоа, во врска со преговорите за формирање влада се информираше за меѓупартиските средби, пораките од меѓународната заедница, за инспекциските контроли во општините раководени од градоначалници од ДУИ што се изјасниле против коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, а се емитуваа и аналитички прилози во врска со можностите ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ да формираат нова владина коалиција. Од работата на институциите најчесто се известуваше за проблемите во судските органи, потоа за дискриминација на Албанци вработени во УЈП, за непостапувањето на обвинителството во случаи на говор на омраза од припадници на владејачката партија, раст на корупцијата итн. Работата на СЈО исто така беше една од најзастапените теми, и се известуваше за судскиот процес во случајот „Тврдина“, откажувањето од случајот „Пуч“, новите истраги „Тарифа“ и „Тенк“, со посебно нагласување на пречките од судските органи и од други субјекти, со кои ова обвинителство се соочува. За десоросоизацијата се емитуваа мал број прилози, во кои се критикуваше овој процес и се пренесе дека ДУИ не го поддржува.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Како главни протагонисти во преговорите за формирање влада во известувачкиот период, но и како се уште носители на јавните функции, партиите ВМРО-ДПМНЕ (97) и ДУИ (80) беа најзастапени во прилозите на телевизијата. Партијата СДСМ е присутна во 41 информација, а од непартиските субјекти, локални и државни институции се среќаваат во 51, а СЈО во 35. И во ова информативно издание, од содржински аспект, не доминираат гледиштата на ниту една политичка партија.

И во вестите на албански јазик, фаворизирањето и демонизирањето политички субјекти во вестите на оваа телевизија е исклучително ретко. Фаворизирачки карактеристики имаше известувањето дека партијата СДСМ помогнала да се исчисти снегот во селото Арачиново (17 декември: „СДСМ им излезе во пресрет на арачиновци, кои општината како да ги заборави. Партијата обезбеди механизација за да се исчисти снегот“), исто така без да се побараат одговори како политичка партија може да извршува јавни работи.

ВМРО-ДПМНЕ и во ова издание на вестите е најзастапен субјект и во аргументираните критички прилози на телевизијата, и тоа за процесот на десоросоизација што партијата го најави (17 јануари: „Невладините организации сметаат дека Груевски со т.н. десоросоизација се обидува да создаде лажна реалност пред граѓаните и членовите на неговата партија “), како и за обидите да се формира




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата Алсат М, вести на албански јазик (16-20 и 23-27 јануари)**

влада, во кои паралелно се критикуваше и ДУИ (17 јануари: „Анализа: спротивставените почетни позиции меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ се политичка игра за да се спречи формирање влада“). Владејачката партија беше критикувана и за говорот на омраза искажан на нејзините собири пред Државната изборна комисија во декември, додека се решаваше по приговорите за изборите, а на институциите им се забележува дека цел месец не реагирале за тоа (20 јануари: „Ниту една државна институција досега не го осуди, ниту пак поведе постапка за говорот на омраза што на крајот на минатата година можеше да се слушне на протестите пред ДИК од членовите и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ“). Понатаму, беше критикуван неуспехот да се обезбедат пари за капитални инвестиции во државата (17 јануари: „Со секој буџет владите на ВМРО-ДПМНЕ и на ДУИ се фалеа дека имаат одвоено најмногу пари за капитални инвестиции. Но вистината е дека само лани капиталните инвестиции потфрлиле за речиси 30 отсто“)

Со оглед на тоа што најголемиот број прилози се идентични, втор најкритикуван субјект се државните и локалните институции. За УЈП беа пренесени жалби за етничка дискриминација (16 јануари: „Албанците кои се вработени во УЈП преку Секретаријатот за спроведување на Охридскиот договор се жалат дека се дискриминирани од раководството“). Министерството за внатрешни работи, пак, се посочува како одговорно за недоволен ангажман да ги расчисти информациите дека уапсените по вооружениот напад во Куманово во мај 2015 биле малтретирани (23 јануари: „Иако истрагата на МВР била еднострана, без учество на одбраната на обвинетите, ресорниот министер Агим Нухиу смета деа врз обвинетите за тероризам во случајот Куманово не е вршено насилство“), а Владата за раст на корупцијата (25 јануари: „Македонија на 90-тото место во светот според корупција. Од Транспаренси интернешнл за ваквата состојба ја обвинува Владата“). Пречките со кои се соочува СЈО од судските органи исто така беа предмет на критичка опсервација (18 јануари: „Скопскиот кривичен суд засега не дава одговор дали постои пример во кој судија одбил докази во предмет, затоа што тие биле класифицирани. Дали предметот Тврдина на СЈО ќе биде прв таков случај, засега е рано да се прогнозира“).



# ТВ 21
# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата ТВ 21 во вестите на македонски јазик објави 114 прилози поврзани со актуелните политички настани и политичкиот живот во земјата. Најчесто застапени теми беа: работата на јавните институции (37 прилози), исто колку и за преговорите за формирање влада (37), за работата на Специјалното јавно обвинителство (7). Меѓу позначајните теми што телевизијата ги обработи беа проблемите што ги предизвика загадувањето и снегот (9), состојбите во економијата и инвестициите (5) и проблемите во образованието (4).




**Број на прилози според теми на телевизијата ТВ 21 македонски (16-20 и 23-27 јануари)**

| | |
|---|---|
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Во врска со работата на институциите се следеше проблемот со загадувањето (Југохром), извештаите за корупција (Транспаренси), снабдувањето со енергија, електронските картички во ЈПС и друго. Редовно се следеа сите случувања во врска со формирањето влада: партиските средби и состаноци, пораките од меѓународната заедница и инспекциските контроли во општини раководени од градоначалници на ДУИ. Работата на СЈО се следеше преку извештаите за повлекување на случајот „Пуч" (18 јануари „Давидовиќ и Димовски за ТВ21: УБК и МВР му прават "сопки" на СЈО") и за двете нови истраги „Тенк" и „Тафира" и за блокирањето на снимките од прислушувањето на Јутјуб каналот (24 јануари „Блокирани дел од "бомбите" на Јутјуб, чии авторски права се штитат?"). На тема „десоросоизација", телевизијата објави за формирањето на здружението СОС.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

ВМРО ДПМНЕ е најмногу опсервиран субјект во прилозите во овој период (60), додека во 32 прилози се анализра работата на функционери од оваа партија. Потоа е ДУИ ( во 42 прилози) и нејзините функционери (40), додека СДСМ во 39. Од останатите субјекти чија работа се анализира во овој период е СЈО (29), невладините организации и фондациите (10), локалните и државните институции (10 и Јавното обвинителство (5).

Критичкиот однос во прилозите најчесто има во известувањето за работата н државните и локалните институции во однос на загадувањето (18 јануари „Скопје меѓу најзагадените градови, секој трет умира поради загаденост на воздухот“), проблемот со плаќањето во јавниот превоз во Скопје (17 јануари „Нема електронски картички за јавен превоз, за 5 дена се потрошени 150 илјади електронски картички!?“), неподготвеноста на училиштата за второто полугодие (23 јануари „Околу три илјади ученици остана дома, наместо звончето, се слуша бучавата од машините“),справувањето на локалните власти со снегот (20 јануари „Отсечени Танушевци, Малино и Брест, ЦУК: Овие села се




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата ТВ 21 македонски (16-20 и 23-27 јануари)**

без електрична енергија“) и проблемото со задолжувањето и падот на инвестициите (16 јануари „Нови задолжувања од 6.5 милиони евра, стопанските комори против непродуктивните трошоци“, 24 јануари „Каде пропаднаа странските вложувања?, ВМРО-ДПМНЕ: Заев има вина за нереализираните инвестиции“).Телевизијата преку дебати и соочување на мислења критички се осврна и на средствата кои од откажаните новогодишни прослави на општините требаше да бидат насочени за социјалните случаи (17 јануари „По откажувањето на новогодишните прослави, каде завршија парите за социјалните случаи?“), и за етничката застапеноство институциите (19 јануари „Еднаква застапеност на албанците во МВР,Беса обвинува дека нема еднаква застапеност, Нухиу негира“).

Благ критички однос телевизијата изразува и во известувањето околу преговорите за формирање влада. Тој однос е главно насочен кон двата главни преговарачи ВМРО ДПМНЕ и ДУИ (16 јануари „Втора недела по доделениот мандат за влада, кој и дали ќе попушти, ВМРО или ДУИ?“), како и за финансиската инспекција во општина Гостивар што се толкува како притисок на ВМРО ДПМЕ кон крилото во ДУИ кое не е за коалиција ( 18 јануари „Финанциска полиција во општина Гостивар, Бејта: ВМРО-ДПМНЕ ми испрати полиција во канцеларија“). Телевизијата во прилозите на оваа тема често ја споменува платформата на албанските политички партии како еден од условите во преговорите, а преку дебати ја анализира и работата на претседателот на државата (26 јануари „Дали Иванов го прекрши уставот?, за дел од аналитичарите уставот е прекршен, за некои не!“).

Во вестите на македонски јазик на ТВ 21 беа објавени и пролози за промовиртање на владини мерки, во кои новинарот ниту фаворизираше ниту критикуваше (20 јануари „27 готови проекти за земјоделците, ИПАРД21: бесплатни проекти за изградба на фарми и насади“).



# ТВ 21
# АЛБАНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата ТВ 21 во вестите на албански јазик објави 124 прилози за политичките настани во земјата. Најголем број беа за преговорите за состав на влада (47), за работата на институциите (43), работата на СЈО (15), а во по 6 прилози се анализира состобајат во економијата и во образованието. Имаше и три прилози за владини мерки и 2 прилози за задолжувањето.




**Број на прилози според теми на телевизијата ТВ 21 албански (16-20 и 23-27 јануари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на предвремените парламентарни избори |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Во врска со најзастапената тема, телевизијата во анализираниот период известуваше за дневните активности во преговорите за нова влада: средбите и разговорите, реакциите од меѓународните претставници (еврокомесарот Хан), за платформата на албанските политички партии, за принципот „победник со победник“ и друго. Опсервацијата на работата на државните и локалните институции главно е преку темите за справувањето со снегот (20 јануари “Блокирани Танушевци, Малино и Брест, ЦУК: Овие села се и без електрична енергија“), загадувањето (19 јануари „35 % на болести поради загадувањето, Скопје меѓу најзагадените градови“) и преку поединечни случаии на граѓани кои укажуваат на злоупотреби ( 18 јануари „На семејството Исмаили им се укинува социајлната помош, после добивка на игра на среќа, која уште не ја зел“, 20 јануари „Дали ќе се купува тутунот од Страчинце?, производителите незадоволни од цената откуп“, 26 „Се жалаат пензионерите, сомнежи за манипулации од приватните пензиски фондови). Преку случаите “Тврдина“, „Пуч“ и новите истраги „Тенк“ и „Тарифа“, телевизијата известува за работата на СЈО, и го анализира негативниот однос на власта кон оваа институција.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најзастапен политички субјект во прилозите на телевизијата е партијата ВМРО-ДПМНЕ (58 прилози) и уште во 31 прилог се опсервираат функционерите од оваа партија. За СДСМ се известува во 43 прилози, додека за ДУИ 41 и за нејзините функционери во 29 прилози. Другите партии ретко се појавуваат. Од останатите субјекти, СЈО се појавува во 27, локалните и државните институции во 11, невладините организации и фондациите во 8, а Јавното обвинителство во 6.

Во однос на најзастапената тема, во вестите на ТВ 21 на алабански јазик критички се известува за преговорите меѓу партиите ВМРО ДПМНЕ и ДУИ во врска со тајноста на информациите од јавноста 18 јануари „Молк за преговорите за формирање влада, Веляновски не знае за средбите“), но и за акцијата на финансиската полиција во општината Гостивар, каде градоначалник е еден од потпретседателот на ДУИ кои се спротивставија на намерата за коалиција со ВМРО ДПМНЕ (18 јануари „Дали ВМРО му врши притисок на ДУИ?, Бејта: ВМРО ми испрати полиција во канцаларијата“).

Критички се опсервира и работата на државните и локалните институции преку прилози за стории на граѓани ( 17 јануари „Службеничка нападната во работното место, бездомник се “изнервирал“ бидејќи не му дале доручек?“), како и за правичната етничка застапеност (19 јануари „Еднаква застапеност на Албанците во МВР,Беса: нема еднаква застапеност, Нухиу“) и условите во кои работат (23 јануари Студот го “парализираше“ и МВР,канцелариите без греење, административците дома). Телевизијата во ист тон известува и за проблемите кои се од поширок интерес за граѓаните, како што е ненавремените мерки од државните и локалните институции за справување со снегот и загадувањето (19 јануари „35 % на болсти поради загадувањето, Скопје меѓу најзагадените градови“, 23јануари„Второто полугодије со стари проблеми, учлиштето во Черкези со мизерни услови“, 23 јануари „ Училиштата неподготвени за втрото полугодије,Снег и мраз пред училишните дворови“).

Телевизијата објави и неколку прилози за мерки и проекти на Владата ( 20 јануари „Бесплатни одмори за пензионерите, некои пензионери не сакаат та патуваат“, 26 јануари „Вработување на млади, се бараат ефективни мерки“,20 јануари „27 готови проекти за земјоделците, безплатни проекти за изградба на фарми“), но без експлицитно фаворизирање.




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на ТВ 21 албански (16-20 и 23-27 јануари)**


CAM 1
CAM 2
CAM 1 VIZ
CAM 2 VIZ
CAM 3 VIZ
PROGRAM
STOP ALL
ROSS
ZOOM
TILT
PAN

# ТВ НОВА

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата НОВА во известувачкиот период објави 64 прилози поврзани со политичките настани што го одбележаа анализираниот период. Најмногу од прилозите (21) беа за формирањето на новата влада, за работата на СЈО (17), 10 прилози на тема „десоросоизација“, а 4 за работата на државните функционери. Во 3 прилози се опсервира работата на државните и локалните институции и справувањето со снегот и загадувањето, и во 2 пролози се известува за проекти или мерки на Владата.




**Број на прилози според теми на ТВ НОВА (16-20 и 23-27 јануари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на предвремените парламентарни избори |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (загадување, чистење снег, здравство) |

Телевизијата во голем обем известуваше за преговорите за состав на новата влада меѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ, преку пренесување соопштенија и изјави на директните учесници, но и на аналитичари кои ја оправдуваат коалицијата меѓу овие партии (19 јануари „Даштевски: „Очекувам влада меѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ“) и се цитираа странски медиуми кои известуваат на линија на овој став (26 јануари „Редакциски коментар на Ситињуз: 10 причини зоштоАлбанците треба да одат со Груевски“, ). Темата федерализација која беше актуелна во изборниот период, телевизијата повторно ја актуелизира во контекст на преговорите за влада, преку изјави на аналитичари кои оправдуваат вакво уредување и кои телевизијата ги етикетира како „блиски до опозицијата“ (19 јануари „Ордановски: Јас не сум против федерализација“). Прилозите за работата на СЈО се однесуваа на случаите „Пуч“, „Тенк“ и

„Тарифа“, каде се пренесуваат ставовите на ВМРО ДПМНЕ (23 јануари „Милошоски: СЈО во случаот Пуч се стави во улога на суд“),на аналитичари блиски до партијата“(25 јануари „“Муцунски: Јанева ја поништи основната причина поради која е основано СЈО) и се известуваше за наводно незадоволство на социјалните мрежи од неговата работа (18 јануари „Жестоки и бурни реакции на јавноста за одлуката на СЈО: Вие сте срам за правдата“, 20 јануари „Правната фела реагира - потегот на СЈО е преседан“). Телевизијата во голем обем известуваше за темата „десоросоизација“, преку извештаите за формирањето и активностите на организацијата СОС (Стоп Операција Сорос), протестите на група Македонци во Њујорк и коментаторски прилози со кои телевизијата го фаворизираше овој процес што го покрена партијата ВМРО-ДПМНЕ. Иако малку по број, беа објавени и неколку промотивни прилози за владини мерки и проекти (16 јануари „Минатата година на државната кардиохирургија се направени 150 васкуларни операции 16“, 25 јануари „Промоција на нови дел од областа на литературата и на издавачката дејност“).

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Во најголем дел од пролозите субјект е ВМРО ДПМНЕ (53), а уште во 11 прилзи тоа се функционери од оваа партија. Во 46 прилози се споменува СДСМ, во 23 ДУИ, додека останатите партии во многу помалк број. Од непартиските субјекти, најчесто споменуван во прилозите е СЈО (во 24 прилози) и невладините организации и фондации во 17.

Во најголем број од прилозите телевизијата нектирички ги пренесува ставовите на субјектите. Но онаму каде што новинарот (или уредникот) дава личен коментар (во 31 прилог), тој е демонизирачки (во 25 прилози) кон: СДСМ и лидерот на оваа партијата Зоран Заев (25 јануари „ВМРО-ДПМНЕ: Документите на ЦИА ја потврдуваат вмешаноста




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на ТВ НОВА (16-20 и 23-27 јануари)**

на СДСМ во шверцот со нафта и цигари“,18 јануари „ВМРО ДПМНЕ: Заев ги направи Струмичани граѓани од втор ред“, 25 јануари „Дневник: Членството на СДСМ се плаши дека Заев е подготвен да ја прифати албанската платформа“), кон СЈО (18 јануари „Врие и во Македонија на политичката сцена посебно по соопштението на СЈО...со ова практично СЈО ги амнестираше Заев, Верушевски и другите обвинети во случјот Пуч“) и кон граѓанските организации и фондации, за кои се наметнува ставот дека се под влијание на СДСМ (23 јануари„Црна кампања од активисти на Сорос“,26 јануари„Сомнежи околу можноста на политички влијание врз рангирањето на Транспаренси“).

Телевизијата некритички ги пренесува информациите од партијата ВМРО-ДПМНЕ, фаворизирајќи ја нејзината позиција во преговорите за состав на влада и претставувајќи ја како партија која има меѓународна поддршка (18 јануари „Тајани нов претседател на Европарламентот, голем пријател на Македонија.Неодамна Тајани беше во Скопје, да даде поддршка на сестринската ВМРО ДПМНЕ), како и претседателот на партијата Никола Груевски, кого го нарекуваат „лидер на победничката партија од 11 декември“ (17 јануари „Преговори за Влада“.



British Embassy
Skopje

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британска амбасада Скопје, во рамките на проектот Изразување на јавниот интерес: Зголемување на моќта на граѓанските организации во Македонија. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада.

ИНСТИТУТ
ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МОЌТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА


VOD
EPG
INFO
APP
OPT
SETUP